Во врска со член 490 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година** на својата седница одржана на **09.05.2016 година,** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за утврдување на дивиденден календар**

1. Дивидендата во вкупен износ од **189.409.968 денари,** утврдена со одлука донесена на Годишното собрание за деловната 2015 година, ќе се распреди согласно следниот дивиденден календар:
   - датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда ќе биде **26.05.2016 година**.
   - последен ден на тргување со право на дивиденда ќе биде **20.05.2016 година**.
   - прв ден на тргување без право на дивиденда ќе биде **23.05.2016 година**
2. Дивидендата ќе се исплати заклучно со **30.09.2016 година**.
3. Дивидендата ќе се исплати во пари.
4. За текстот и содржината на оваа Одлука, акционерите ќе се известат согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за котација издаден од страна на Македонската берза за хартии од вредност.
5. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
6. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
7. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

__________________________

**Татјана Димов**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk